**ОПШТИНСКА УСТАНОВА**
**МУЗЕЈ НА ГРАД НЕГОТИНО**
**НЕГОТИНО**

# СВАДБЕНИОТ ОБРЕД ВО НЕГОТИНСКО ВО XIX И XX ВЕК



**Неготино, 2016 година**

**ОПШТИНСКА УСТАНОВА**
**МУЗЕЈ НА ГРАД НЕГОТИНО**
**НЕГОТИНО**

# СВАДБЕНИОТ ОБРЕД ВО НЕГОТИНСКО ВО XIX И XX ВЕК

Музеј на град Неготино

Неготино, 2016 година

Издавач:
**Општинска Установа**
**Музеј на град Неготино – Неготино**

Главен и одговер уредник:
**Ристе Марков,**
**Директор**

Автор на текстот:
**Драгица Чекоровска,**
**Етнолог, Виш кустос**

Соработници:
**Марија Ристова**
**Васка Ѓорѓиева**

Печати:
**МИД Компјутери**
**Неготино**

Финансирано од:
**Министерство за Култура на РМ**
**Општина Неготино**
**Музеј на град Неготино**

Тираж:
**150 примероци**

# Содржина:

Географско-историски податоци за Неготино……………………6
Семејниот живот во Неготинско........................................9
Свадбениот обред во Неготинско....................................14
а) Канење на сватови.........................................18
б) Замесување на свадбената погача..................23
в) Тргнување на сватовите во куќата на невестата………………………………………………………..26
г) Откупување и превземање на невестата……..28
д) Враќање на сватовите......................................30
ѓ) Обреден ручек................................................32
е) Првиче..........................................................34
Народна терминологија................................................. 37
Список на информатори...................................................37
Библиографија.................................................................37

# ГЕОГРАФСКО-ИСТОРИСКИ ПОДАТОЦИ ЗА НЕГОТИНО

Општината Неготино е лоцирана во централниот дел од Република Македонија, во областа на средното Повардарие. Му припаѓа на Вардарскиот регион, а како посебна природна средина му припаѓа на Тиквешко-вардарски регион. Го зафаќа источниот дел од Тиквешката Котлина, на двете страни од реката Вардар, а на југоисток граничи со Демир Капија. Граничи со општините: на север со општина Штип, на исток со Конче, на југ со Кавадарци, на запад со Росоман и на северозапад со Градско. Зафаќа површина од 426 км2 и денес во неа живеа околу 20.000 жители, според пописот од 2002 година, во градот Неготино и во други 18 населени места, од кои 4 се целосно раселени. Општина Неготино се наоѓа на просечна надморска височина од 150 м. Територијата на општината Неготино, како дел од областа Тиквеш и Повардарје, е под влијание на медитеранската клима, која продира од југ, преку Демиркаписката Клисура, и на континенталната клима, која продира од север, преку Велешката Котлина.

Градот Неготино како населба се споменува во почетокот на 19 век како турски чифлик со 30-тина македонски куќи. Во 1821 година, турскиот бег Аџи Таир-ага на својот чифлик во Неготино ја изградил Саат-Кулата која што до ден денес стои во центарот на градот Неготино како спомен обележје, џамија и безистен. Околу 1837 година во Неготино се отворил неделен пазар во четврток, а тоа допринело да се развие трговијата и занаетчиството во овој регион.

Оваа година 1837 христијаните од градот Неготино ја подигнале црквата Св.Атанасие и отвориле школо во кое се учело на старославјанки јазик. По Ваташкото основно

училиште отворено во 1830 година, неготинското било второ основно училиште во Тиквешијата, за во 1838 година да се отвори основно училиште и во Кавадарци.
Во 1860 година неготинските трговци, занаетчии и чивчии подигнале на старото црквиште покрај реката Вардар, манастир Св.Ѓорѓи, завршен со градбата во 1865 година. Истата година Хенри Бар поминувајќи низ Неготино забележал дека во Неготино имало околу 200 куќи, саат-кула. Џамија, црква, чаршија со сто дуќани и безистен.
По Првата светска војна според податоците од направените анкети на Воислав Радовановиќ во периодот од 1920/23 г. Неготино останало среско место, а во општината имало 1445 куќи од кои 859 – христијански а 1014 биле муслимански.
Неготино ја преживува и Втората светска војна каде што како спомен од тоа време се бројните споменици, спомен плочи и спомен бисти на паднати борци од овој период.
Според пописот од 1948 г. Општината имала околу 14.500 жители, од кои повеќе од половина е христијанско население. Во почетокот на педесетите години од минатиот век има големо иселување на муслиманското население од овие краишта во Р.Турција, период кој што трае неколку години и по ваквото иселување на муслиманското население, етничкиот состав на населението во шеесетите година на минатиот век во општина Неготино сосема се изменува со тоа што повеќе од 80% преовладува христијанското население. Во 1981 г. според тогашниот попис општината имала 19.200 жители, а градот Неготино е со 10.300 жители. До денес бројот на населението е во постојан пораст и повеќе од 93% е христијанско население, што е уште еден доказ за пријаната атмосфера за живеење во овој регион.

Денес градот Неготино е седиште на Општината и претставува развиен културен, административен, политички и економски центар. Со својата прекрасна местоположба во централниот дел на Македонија, и со добрата патна мрежа, сообраќајот во Неготино се одвива во сите правци.

Магистралниот пат и железницата ги поврзуваат Скопје-Солун и преку Неготино се поврзуваат сите патишта во регионот на Тиквешијата и цела Македонија, на ист начин како што било во антиката. Од големо значење за Неготино е и реката Вардар и премостувањата кон Стоби, Криволак, Алшар и други знаменитости важни за историјата на Македонија.

Етничкиот состав на населението повеќе од 93% Македонци е причина повеќе за зачувување на сите традиции изразени преку манифестации на културните настани. Животот во Неготино се одвива во пријатна атмосфера, особено во населбите Антигона 1, Антигона 2, населбата Саат кула каде што куќите се со дрвореди, зеленило, урбанистичко средено, бавчи во секој двор, убава архитектура, плоштад, чаршија, продавници, административни центри, центар за култура, културно уметнички друштва, музеј, библиотека, здружение на копаничари, разни невладини организации, основни и едно средно училиште, многубројни винарии за производство на вино се на дофат со еден поглед на средeност.

## СЕМЕЈНИОТ ЖИВОТ ВО НЕГОТИНСКИОТ РЕГИОН

Изборот на брачен другар, како кај другото население, така и кај населението во Неготинскиот регион, претставува важна и главна одлука во животот. Тоа не е случајно, штом се знае дека според вкоренетото разбирање, целта на мажењето – женењето, т.е. стапувањето во брак е раѓањето деца, особено раѓање машки деца заради продолжување на лозата. Во овој крај младите најчесто својот брачен другар го избираат од своето село или пак во некое од соседните села. Се сметало дека секој треба да оформи брачна заедница, освен оние лица кои што се умоболни, болни или други кои не се способни да расудуваат за самите себе, односно оние за кои се сметало дека не можат да подигнат и основат брачна заедница.

Обично момчињата стапуваат во брак на поголема возраст од девојчињата. Тие најчесто имале околу 20-23 години а девојките околу 18-22 години. Исто така во овој крај се пазело на редот на стапувањето во брак, односно брак склучува прво постариот син или ќерка. Имало исклучоци во овој ред, но таков случај порано бил многу редок. При избирањето на брачниот другар најчесто учествуваат самите брачни другари, кои се запознаваат на различни места како пред црква, на селската чешма, на панаѓур или други места. Постоеле случаеви кога при изборот на брачен другар учествуваат родителите. Меѓутоа овие бракови не изобилуваат со среќа и слога во понатамошниот живот и тоа најчесто поради немање љубов меѓу брачните другари.

Во склучувањето на брак можат да стапат момче и девојка со исти презимиња, ако не се во крвно сродство, а не можат да оформат брачна заедница побратими

посестрима, очув и паштерка или посинок и покмајка. При изборот на брачен другар најчесто се гледало момчето или девојката да бидат со добар табиет (карактер), да биде убав-а, личен-а, вреден-а. По богатството порано не се гледало многу, од причина што и немало фамилии со големо богатство. Сите речиси припаѓале на исти слој, така што и разликата помеѓу богатите и сиромашните не била многу голема. Во случај на смрт, односно ако едниот брачен другар го изгуби другиот, тогаш вдовицата или вдовецот живеат во заедничката куќа која е направена заедно од нив. За повторно мажење или женење најчесто одлучуваат тие самите. Имало примери каде по склучувањето на бракот помеѓу мажот и жената, мажот оди да живее во куќата на жената. Причина за ваквата постапа најчесто е тоа што мажот е посиромашен и нема услови да живее во неговата куќа. Тоа се сметало за помалку чесно од обичната женачка и таквите ги викале домазетовци.

Инаку во куќата, домазетот ги немал истите права со другите мажи во куќата, меѓутоа исти се со прават на жената. Мажот во ваков случај го задржува своето презиме, но ја слават славата по дедото. Децата го носат презимето на таткото. Во случај да умре жената тој не може да донесе нова жена и се одлучува цел живот да биде вдовец и самиот да ги гледа децата. Меѓутоа ако се одлучи да се жени по втор пат тогаш тој мора да се исели од куќата на покојната жена. За особено добро се сметало ако двајца браќа се оженат со две сестри или ако брат и сестра од една куќа земат сестра и брат од друга куќа. Тоа е така бидејќи тие и натаму остануваат заедно и преку целиот живот си помагаат. Во случај кога жената не може да има дете тогаш мажот ја остава и зема друга жена. Меѓутоа ваквите случаи биле ретки. Почесто се

сретнувал пример кога брачните другари не можеле да имаат деца а брачната хармонија е на високо ниво, да посвојат дете кое што го носи нивното презиме, ја носи нивната слава и сите други права и обврски како и родените деца. Сето ова било проследено со соодветни обичаи што имале за цел да ги зацврстат врските меѓу новите родители, помајката и потаткото со посинокот. Невенчани бракови, кои денес во поголемите градови се сретнуваат, во Неготинско порано не биле застапени. Ретки биле и случаевите кога побараната девојка не сакала да оди да живее во куќата на момчето.

Девојката кога се мажи обичај е да добива од своите спрема, помош, која во неготинскиот регион се нарекува "руба". Рубата се состоела од најпотребните работи што девојката треба да ги има во брачната заедница со момчето. Најчесто тоа е постелнина, чаршафи, перници, домашна облека, разни украсни предмети најчесто изработени од самата мома. Рубата се покажувала на гостите кои што доаѓале да ја видат. Таа се правела на тој начин што сите делови ги ределе еден врз друг на кревет во една соба од куќата и секој можел да види што е приготвено за невестата кога ќе оди во новиот дом, при тоа пуштале пари врз рубата со честитки за среќен брак. Инаку руба се спремала од двете страни, и од машката и од женската. Побогатите фамилии на своите деца како помош или како дел од рубата им давале и земја, пари, добиток, а ако синот или ќерката е единец, тогаш сето се давало на "едното чедо". Ако настанела разделба меѓу брачните другари, тогаш рубата на момата се враќала во родителската куќа, а имотот стекнат за време на брачната заедница се дели на пола. Кога невестата оди во куќата на момчето, од страна на родителите на момчето, ја даруваат и со златен накит како ѓердан, лира, обетки,

белегзија или златен прстен, обичај кој што е присутен и ден денес кај венчавките на младите. Секако ваквото дарување зависи од социјалниот статус на двете фамилии. Имало обичај понекогаш да се дарува и мајката на невестата како надополна за доење на девојката. Неа за тоа ја дарувало момчето најчесто со домашна облека. Имало случај кога момчето наместо плаќање или дарување на невестата, служел одредено време во куќата и на нивата кај дедото. Ваков случај се сретнувал кај сиромашното население. Во минатаото имало случај кога девојката не се барала од нејзините родители на редовен начин, туку се грабнувала и одведувала насила. Ваквиот нередовен начин на склучување на брак се јавува во повеќе варијанти. Еден од нив е тој кога момата е земена насила и без нејзина волја, односно е грабната. Ваквиот начин е наречен вистинско грабнување, грабеж, насила земање и слично. Но и ако покрај ваквото грабнување, девојката не сака да остане со момчето, тогаш таа се враќа дома кај своите родителиу, но потоа тешко кој би се одлучил да ја побара за жена. Постоел обичај кога девојката се грабнувала со нејзина согласност, но против волјата на нејзините родители, или пак грабнување против момина волја а во согласност на нејзините родители. Тоа се нарекува договорено грабнување, и протоа се договараат во кое време и на кое место ќе го извршат грабежот. По извршениот грабеж, девојката ја носат во домот на момчето. Во новиот дом таа е добро прифатена од родителите на момчето, односно од свкорот и свекрвата. Во неготинскиот регион имало и случај да се организира привидно грабнување во согласност со девојката и со родителите, а причината за ваквиот грабеж е да се избегнат трошоците за мираз, за свадба, за дарување и слично, поради нискиот социјален

статус. Исто така во некои села во неготинскиот регион, каде што има мешано население од две религии, забележан е пример на грабнување на девојка поради верската разлика помеѓу момчето и девојката. Тогаш родителите на девојката се обидуваат да ја вратат дома, бидејќи ваквиот ваквиот начин на земање претставува срамен чин и за девојката и за нејзините родители. Ако и се случи вистинско грабнување на девојката тогаш момината роднина ги прекинува трајно сите врски со куќата на момчето. Меѓутоа овие прекинати односи најчесто се обновувале по пат на помирување, иако тоа се случувало и по после подолг период од неколку години.

## СВАДБЕНИОТ ОБРЕД ВО НЕГОТИНСКО

Децата во Неготинскиот крај кога ќе го завршат основното училиште, започнуваат се повеќе да се вклучуваат во работата на секојдневните работи. Женските, деца, момите штом ќе наврšат 13-14 години од мајката и другите жени, како што се бабата, стрината, тетката и други, добиваат задачи да се учат да плетат, да везат, да ткаат и да работата други “Женски работи“, од кои ќе ја приготвуваат рубата за користење во идното домаќинство или подароци за свадба, за раѓање и друго.

Момата на 15-16 години започнува да се шета со “другачките“, но и со момчиња по ливади, пониви, почнуваат да се состануваат на чешмата и при тоа си зимаат шамивче, си разменуваат огледалца, прстенчиња и слични предмети. Момата кога ќе “втаса“ бидува подучена од домашните, но и самата чувствува потреба да се дотерува и во облеката и во снагата, лицето, косата и слично. Тогаш таа се појавува сред село, на свадби, на слави, кај роднини се со намера да биде забележана од ергените, да ја бендисаат и да дојде до поблиски контакти не само со момчето туку и со семејството, кое ќе пројави интерес за момата. Во таков случај семејството од момчето или само момчето, праќа стројник кај семејството на момата. Стројник можел да биде секој кој ќе се нафати да ја заврши оваа работа, иако се внимавало тој да биде добар и угледен човек во крајот. Честопати во улога на стројник се јавувал и некој роднина кој што е поинтелегентен, “по атик“, кој што можел да постигне договор не само со зборување, ветување, туку и со утврдување подробности. Поради тоа стројниците имале видна улога во предсвадбените обичаи и уживале голема

доверба кај населението. Најчесто за добро завршената работа биле дарувани. Стројникувањето се вршело на тој начин што момчето му кажува на стројникот која мома ја љуби и се договараат некој ден од неделата тој да отиде дома кај неа да и ја соопшти оваа вест. Во договерниот ден стројникот заедно со уште двајца роднини или другари, оди во домот на момата и по извесен неврзан разговор кажуваат зошто се дојдени. Девојката цело време е присутна во собата и го слуша разговорот. Доколку се согласи да се омажи за момчето и упатуваат честитки, а таа му бакнува рака на стројникот и ги чести гостите со ракија.

Оттогаш се сметало дека е даден “збор“ помеѓу младите и дека девојката повеќе не е слободна. Потоа стројникот се враќа кај момчето и му ја соопштува радосната вест. Како награда за добро извршената работа стројникот го дарувале со кошула, чорапи, и друго од страна на облека. Понекогаш се случувало и девојката да прати стројник во домот на момчето. Ваквиот случај не бил срамен, но исходот од стројникувањето најчесто не бил поволен за момата. Така една мома од с.Војшанци бендисала момче од соседно село . Нејзините родители пратиле стројник кој што дошол во соседното с.Бистренци и отишол во куќата на момчето. Тој овде се поздравил со сите, седнал и почнал да кажува убави работи за момата дека е вредна, табиетлија, и кажувајќи го сето тоа почнал да чепка со машата во огништето како предлог на момчето да се земе со момата. Меѓутоа стројникот бил одбиен така што момчето излегло од собата, што значело дека не го прифаќа предлогот на момата.

Извесно време по давањето збор се прави голема веселба а тоа е годежот или “армасувањето“. Годежот се правел во сабота навечер. Тогаш момчето заедно со

родителите одат во домот на момата. Тие се пречекани од домаќините кои што за оваа пригода ги служат гостите со блага ракија, алва, “мајмун-мезе“ составено од суво црно грозје и леблебија, кафе а во зима се служи и косела зелка. После некое време настапува главниот и најважниот дел од годежот а тоа е разменувањето на прстени. Прстените се изработени од злато и момчето и го става прстенот на момата на четвртиот прст од десната рака. Со овој чин на размена на прстените момчети и момата се сметале за свршени. Потоа момата го дарува свекорот со кошула а свекрвата со “ф‘стан“. Оваа вечер двете семејства се договараат и за подготовките за свадбата. Целиот овој чин е проткаен со весела атмосфера и на крајот се упатуваат меѓусебни честитки со зборовите “Ајде, аирлија работа! Нека Ви е со среќа, да сте ни живи и здрави!!!“. Како знак на јавно објавување на годежот, дедото или свекорот пукаат три пати со пиштол. За да се направи атмосферата повесела се пеат песни кои што имаат љубовен карактер, како на пример песната ***“Цвете мило“:***

Цвете мило кад би знало
мојте болки на срце,

од жалост би затребјало
твојто ангелско лица.

На јасната месечина
кога чујеш славејот

приспомни си ти за мене
че ја за тебе живеам.

Ако умрам, душо моја,
носи поздрав ти славен,

за спасење на душата ми
една солза порони ти.

Или пак познатата за овој крај песна ***"Легнало моме заспало"*:**

Легнало моме заспало
под това дрво маслинче,
издува ветер од море

скрши ми гранка маслинка
удари моме по лице,
од сон се разбуди

почна луто да колне.
Ах, што бех слатко заспало
и сладок сон сонувала.

На сон ми дојдоа
три луди, три неженети,
први ми даде јаболко

втори ми даде златен прстен
а трети ме на сон целива.
тој што ми даде јаболка

как неа да се скапе,
тој што ми даде златен прстен
низ прстен да се спровива,

а тој што ме на сон целива
дај ми го боже на јаве
со него век да векувам.

Потоа момчето заедно со родителите се враќаат дома а невестата останува со нејзините родители се до свадбата. Се гледале така што од овој период двете семејства веќе станувaат блиски и си одле секоја сабота на ручек. Прво девојката кај момчето потоа тие кај неа. Во некои семејства пак невестата веднаш по годежот оди да живее кај момчето. Времетраењето на веридбата траела околу шест месеци и се гледало таа да не потрае повеќе. Во текот на овој период се штедат пари за свадба и се прават поголемите подготовки за неа. Обично свадбите се правеле во есенските месеци, по собирањето на берикетот од земјоделските работи посебно од сработените лозови насади.

## Кanење на сватови

Трескавичните подготовки за свадбата започнуваат една до две недели пред венчавањето. Тоа е период во кој според традиционалниот редослед се вршат низа обичаи. Првата задача во организирањето на свадбата било изнаоѓањето и пазарувањето на свирачите од кај машката и од кај женската страна. Свирачите всушност ја имаат и една од најважната улога во текот на свадбата. Потоа се наоѓаат и пазаруваат готвачите и при тоа се гледало тие да бидат спремни и искусни луѓе. Понекогаш во улога на готвач се јавува и жена која е наречена “акчица“. Се пристапува кон приготвување и набавка на одредени намирници како на пример кромид, компир, зелка, месо и слично. Во куќата на момчето и

момата се‘ се работи за претстојната свадба се чистат дворовите, куќата, се редат трпези и друго.
Канењето на сватовите го правеле деца, малдинци од 14-15 години кои ги нарекувале “каначи“ и кои што најчесто се блиски роднини на невестата и момчето. Гостите се канеле една недела пред свадбата во сабота наутро. Тогаш двајца каначи со шише ракија оделе од куќа на куќа и ги канеле гостите со зборовите:“Ве каниме да дојдете во сабота на гоштевање, а во недела на сватови!“. На ваков начин се канеле обичните гости, додека кумот и старосватот како најважни личности во текот на целата свадба, се канеле со посебен ритуал. Нив ги канеле во одредено време во денот со свечена облека и послужавник во кој имало ставено по едно јаболко и шише ракија. При канењето, кумот и старосватот ги даруваат каначите со по едно марамче кое што во неготинскиот крај е познато како “шарветка“. Исто така една недела пред свадбата се одредуваат и двајца девери. Едниот девер ја има таа улога и чест да ја изнесе невестата од нејзината куќа до момчето и тоа е најчесто нејзин близок роднина, брат или братучед. Додека пак другиот девер ја имал таа улога да им служи на гостите така што во текот на свадбата ќе принесува јадење, салати, ќе ги прибира чиниите после ручекот и слично. Всушност тој треба да се грижи околу гостопримството на гостите.
Како задолжителен дел од облеката на деверите, а по што се познаваат од другите гости и дека се девери е носењето на белата лента врзана на десната рака или префрлена преку десното рамо. Првите предзнаци за почетокот на свадбата започнуваат во петок навечер, кога во домот на момчето се оди на бунгур. Тогаш доаѓаат најблиските роднини и домаќините ги послужуваат со

бунгур и чаша вода. Бунгурот го прават во четвртокот кога земаат пченица која што ја варат цела вечер со вода и шеќер. Најближните при оваа посета носат ф'стани или "армагани" кои се наменети за невестата, а ги носат кај неа во сабота навечер. Армаганите се купени материјали или ткаенини, кои се даваат така што на нив има ставено парче хартија на која е напишано името и презимето на роднината која го донела. Оваа вечер кај момчето нема свирачи, но сепак владее весела атмосфера проткаена со кажување на смеи и шали. Обично во другите места во Македонија во текот на свадбата имало човек кој што бил задолжен за создавање на весела атмосфера и засмејување на гостите. Но, бидејќи населението во цела Тиквешија, а овде спаѓа и неготинскиот регион, е познато како доста темпераментно и весело, при организирањето на свадбите немало потреба од човек кој што ќе ја има таа улога.

Утредента се правеле завршните подготовки за главниот дел од свадбата. Повторно се чисти дворот, куќата а месаријата ги организира сите работи околу месењето и готвењето. Секако во овие подготовки најмногу помагаат најблиските роднини на момчето.

Најголемата разбрануваност започнува во сабота попладне со пречекувањето на музичката тајфа. Неа најчесто ја сочинувале четворица свирачи кои свиреле на четири инструменти и тоа на гарнета (кларинет), даире, брач и ќемане (виолина). Всушност тие ја сочинуваат таканаречената "чалгија", чија музика а посебно свирењето на маршевите се карактеризираат со посебен ритам и такт. Со огласувањето на чалгијата започнува вистинската свадба. Тие во почетокот свират маршеви кои што предизвикуваат свечено и весело чувство и раположение кај сите присутни. Тогаш гостите оставаат

пари на масата кои што се наменети за домаќинот. Обично после првиот отсвиран марш, свирачите почнуваат да пеат и свират патриотски песни кои го разгоруваат патриотскиот дух за време на веселбата особено кај машкиот пол.

Овие песни се пеени на бугарски јазик затоа што потекнуваат од периодот на Балканските Војни и после нив, кога во овој регион бил присутен бугарскиот јазик. Затоа тие се пеени на бугарски јазик а се однесуваат на македонскиот народ. Една од повеќето песни кои се пееле на свадбите е песната ***“Гордеј се мајко Македонијо“:***

Гордеј се мајко, Македонијо
сос  твоите синови герои, герои, герои

гордеј се мајко, Балгаријо
и Ниш и Пирот поминале

пред нас и Солун трепери, трепери, трепери.
Французи, Англичани бјагат

не чакат нашата ура,
напустват  техните оклопи

покрити с стемни мрежи, мрежи, мрежи.
Сас нас е потполковник Дрангов,

прочути македонски вожд.
И тој сос револвер в раката

командваше напред на нож, на нож, на нож.
ни сегде врага победихме.

Сега се враштаме дома, дома, дома,
там дето наште мајки чакат
својте синове герои, герои, герои.

Или пак многу познатата на македонски јазик песна ***"Славна остана гарата, гарата, на Криволака":***

Славна остана гарата
гарата на Криволака

там се стражува
Првиот полк македонски.

Првиот полк македонски
Тринајста рота картешина.

Тринајста рота картешина
од с'штиот полк македонски.

ја стани, стани мајоре
ротата ти веќ напреднала

не можам браќа да станам
френски ме куршум прониза

левата страна в срцето
десната нога в колено.

## Замесување на свадбената погача

Додека се пеат песните се поставуваат сите потребни работи за замесување на свадбената погача. Погачата се замесува и во машката и во женската куќа, со веќе однапред одредена другарка или братучетка на момчето и девојката. Замесувањето се прави во една “одаја“ од куќата која што се нарекува “чикма“ одаја, што значи гостинска соба. Во чикма одајата се постила бел чаршаф и врз него се става софрата врз која што се меси погачата. Таа се меси со брашно, вода, јајце и малку шеќер. На месачката и врзуваат бовча во која има врзано “жегол“, босилок и црвен конец, се со цел младите да имаат среќен и бериќетен живот. Кога месачката ќе почне да ја меси погачата става една пара во неа, која ќе има важност при кршењето на погачата. Околу девојката се собрани жени, деца, моми кои ја пеат песната ***“Цреша се од корен корнеше“***:

Цреша се од корен корнеше
Моме се дели од мајка.

Проштевај мамо, проштевај
И проштевајте мили роднини.

Досега сум мајка слушала
Од сега ќе слушам свекрва,

Свекрва, золва, јатрва
И најмалото деверче.

Кога ќе заврши со месењето на погачата, на месачката и се дава заврзано марамче во кое се наоѓа прстен, како

дар од момчето или невестата. Потоа погачата се става во вршник да се печи и за тоа време се пеат весели песни проследени со добро расположение. Кога ќе ја земат погачата, ја кршат на два дела врз главата на мало дете, кое е близок роднина на младоженците и кое не треба да биде сирак.

Десниот дел од погачата е делот на момчето а левиот на невестата. Во кој дел ќе се најдела паричката се сметало дека тој ќе биде пок‘сметлија. Потоа погачата се дроби на мали ситни парчиња, се ставаат во бовчат ана месачката и се служат гостите. Кога ќе заврши послужувањето, се зема жеголот, му се дава на машко дете и тоа го фрла неколку пати преку ограда викајќи машко-женско. Ова се правело со цел младоженците да имаат различни деца, машкии женски кои ќе бидат послушни и умни. Овој обичај се правел во дворот кај момчето и невестата, па по завршувањето на обичајот сите се фаќаат на орото, а месачката пали р‘жање кое го врти по нозете на играчите со цел да ги растера лошите духови.

Сите овие настани се проследени со песни кои повеќето од нив имаат шегобиен карактер како на пример ***“Се скарале, се степале моми Тиквешанки“:***

Се скарале, се степале
моми Тиквешанки,

бре, бре, бре, се скарале, се степале
бре, бре, бре, моми Тиквешанки.

Раците си сокршиле,
коси искубале,

бре, бре, бре, раците си сокршиле

бре, бре, бре, коси искубале.

За едно лудо ле, лудо младо
младо неженето,

бре, бре, бре за едно ле, лудо младо
бре, бре, бре, младо неженето.

Се пеела и песната ***“Чичо сака да се жени“:***

Чичо сака да се жени
копче има, риза нема, сиромав, сиромав,

ќесе има, пари нема,
гаќник има, гаќи нема, сиромав, сиромав,

сето село кандисало
тате, мама, не кандиса, сиромав, сиромав,

тате, мама, не кандиса
а момата абер нема, сиромав, сиромав.

По неколкуте изиграни ора, од кај момчето се спрема посебна делегација која ќе го однесе ковчегот кај невестата. Во ковчегот се наоѓаат армаганите и невестинскиот фустан, кој што во овој крај се нарекува “невестилник“. Оваа делегације е составена од машките роднини на момчето кои ковчегот го носат со свадбарски украсена кола, со разни ѓердани, килимчиња и слично. Кога пристигнуваат кај невестата, затекнуваат исто така весела атмосфера проследена со ора и песни. Домаќините ги почастуваат со ракија и мезе и не задржувајќи се многу, го оставаат ковчегот и се враќаат

назад за утре одморени да ја дочекаат главната церемонија.

## Тргнување на сватовите во куќата на невестата

За време на церемонијата, бидејќи е главна, сите се чувствуваат посебно расположени уште од моментот кога започнува. Тоа се случува во недела околу десет часот кога сватовите тргнуваат прво да го земат кумот а потоа заедно да одат по невестата. Дотогаш се е исчистено, средено во куќата, сите се дотерани и почнуваат да се слушаат првите песни на чалгиите. По кумот одат момчето, деверот и други поблиски роднини и пријатели, додека свекорот и свекрвата остануваат дома заедно со другите гости. Инаку во овој ден од свадбарската церемонија гостите не го носат главните подароци, туку носат ориз, грав, ирмик, шеќер, сол и слично кои ќе им бидат од помош на домаќините.

Облеката на момчето за оваа пригода се состои од бела кошула, тегет или црно палто и панталони, каде што на левата страна од палтото на горниот дел има мало џепче во кое е ставено бело марамче и закачено бел цвет. Секако овие работи се купени посебно за овој ден заедно со чорапите и чевлите. Но ако момчето немало пари да ги купи овие работи или дел од нив, тој ги позајмувал. Кога пристигнуваат кај кумот, влегувајќи во куќата, чалгиите го свират посебниот марш за кумот, а потоа песната “Детенце мало“. Тука остануваат некое време, се свират песни по желба на кумот и потоа сите заедно тргнуваат накај домот на невестата. По патот се свири, се игра оро. Кога пристигаат до прагор на куќата, свирачите од кај момчето престануваат да свират, а со

својата музика продолжуваат да свират свирачите од невестинската страна. Во дворот домаќините спремно ги пречекуваат гостите. Прв ги пречекува додото, таткото на невестата, потоа бабата, мајката на невестата, а до неа стојат две девојчиња кои се блиска роднина на невестата и од нив едната ги служи гостите со ракија а другата им закачува на сватовите гранче заврзано со црвен и бел конец. Тогаш момчето го дарува дедото со кошула, блуза, платно за панталони, чорапи а на бабата и дава ф‘стан и марама. Бабата пак зетот го дарува со кошула, чорапи, шарветки и маица. Кога девојчињата ги послужуваат со ракија и им закачуваат гранче на палтото, гостите оставаат пари во послужавникот на девојчињата. Сето ова е проследено со песни и голема веселба а во овој момент се пее песната ***“Памтиш ли либе Тодоро“:***

Памтиш ли либе Тодоро, галабе,
кога си бевме малечки, галабе,

кога се двајца љубевме,
кога се двајца љубевме, галабе,

под чичовото градинче, галабе,
под това дрво маслинче.

На едно гранче стоевме, галабе,
лоша си клетва зедовме,

кој ќе се први ожени
тој тешко болен да лежи.

## Откупување и превземање на невестата

Потоа гостите седнуваат, се гоштеваат заедно со домаќините и си разменуваат честитки и здравици за среќен брак и се најубаво за младоженците. За тоа време момчето заедно со деверот и помладите машки роднини влегуваат во куќата и ја бараат невестата. А таа се наоѓа во една одаја од куќата заедно со неколку другарки кои ја имаат улогата да ја чуваат невестата и да бараат откуп за неа. Во истата одаја се наоѓа и рубата заедно со армаганите. Невестата во оваа пригода е облечена во бел фустан долг до глуждовите, кој што е изработен од свила а купен од трговските дуќани во Скопје.

Понекогаш невестилникот бил изработен во комбинација со чипка на ракавите и околу вратот. Заедно со него се купувало и венчето а како задолжителен дел претставува "дувекот" кој што се ставал на главата и должината на предниот дел од лицето достигал до веѓите, а позади до половината. Букетот кој што го носела невестата бил изработен од домашно цвеќе.

Пред вратата стојат роднините на невестата кои не дозволуваат да се влезе во одајата. За да влезат во собата, сватовите треба да платат за невестата. Тогаш момчето и деверот даваат пари на тие што стојат пред вратата и секако овој чин е проследен со весела атмосфера, со дофрлање на шеги кои што предизвикуваат смеа и радост меѓу присутните. Откако ќе си ги дадат сите пари, момчето и деверот влегуваат во собата на невестата, потоа деверот и ги дава чевлите купени посебно за неа и за оваа пригода. Во нив повторно се ставаат пари, бидејќи претходно пробувајќи невестата вели дека и се големи, па за да и бидат точни мора да се пополнат со ситни книжни пари. Деверот така ги полни и

ги врти три пати чевлите на невестата се додека таа не ги облече и рече дека се точни. Кога завршува овој чин, деверот од страната на невестата ја зема под рака и ја изнесува надвор во дворот. Тогаш момчето врз невестата фрла леблебија, бонбончиња и ситни метални пари со желба за добро здравје, да бидат благи како бонбончињата и долг и бериќетен живот. Имали случаеви кога при откупувањето на невестата, на местото на младоженецот во колата да седне нејзиниот најмлад брат. За да го ослободи местот момчето му дава пари на братчето на невестата, тој си ги става парите во капата и го ослободува местото за да седне младоженецот.

Откако ќе ја изнесат невестата во дворот, се пеат песни, се игра оро, се товари рубата во ковчези кои што се украсени со шарени килимчиња, скутини и други везени ткаенини. Во дворот , невестата се простува од родителите, браќата, сестрите при што невестата плаче за домашните и што ја напушта куќата. И тогаш се пее песната ***“Цреша се од корен корнеше “*** и ***“Лоза се вие“:***

Лоза се вие, мома се моли
проштевај мамо, прости ми тате,

јазе ќе одам, јазе ќе одам во туѓа куќа,
на туѓа мајка-мамо ќе викам,

на туѓи татко-тате ќе викам
на туѓи сестри-сестро ќе викам,

на туѓи браќа-баце ќе викам,
на туѓа куќа-думан ќе бидам.

## Враќање на сватовите

Потоа сватовите заедно со невестата заминуваат, а во куќата остануваат сите нејзини роднини заедно со свирачите, каде што веселбата продолжува но со посмирена динамика. На враќање сватовите требало да се вратат по друг пат, а не по истиот од каде што дошле, за да не се случело нешто лошо на враќање. Потоа венчавањето на младите продолжува во црква или манастир каде што се изведува венчалниот црковен обред.

Откако ќе ги венча попот во црквата, младоженците заедно со сватовите се враќаат во домот на момчето. Тогаш кумот фрла по младоженците леблебија, ситни метални пари, бонбончиња се со желба за среќен и бериќетен живот. Меѓутоа после Втората Светска војна, мал број на млади се венчавале во црква, повеќето се венчавале само во општините. Исто така и овој пат сватовите гледале да не се враќаат по истиот пат по кој дошле, пазеле да не дојде до пресретнување со друга свадбена поворка, а ако дојде до тоа тогаш и двете невести ги вртат главите за да не им се пресретнат погледите. Се верувало дека ако невестите се погледнат, нема да ги прати среќа во животот. За истото се верувало и ако сретнат погребна поворка. Затоа невестата по целиот пат оди со поднаведната глава за да се избегнат евентуалните почудувања.

Кога ќе пристигнат во куќата на момчето, сватовите уште во дворот ги пречекуваат свекорот и свекрвата, која што носи два леба под мишка и бела марама на главата. Пред нив има постелено килимче и на него застануваат момчето и невестата кои што се поклонуваат три пати пред свекорот и свекрвата. Тоа го

прават во знак на почитување на старите и е познато како гувеење на младоженците. Кога ќе заврши гувеењето, момчето и невестата им бакнуваат рака на свекорот и свекрвата и тогаш свекрвата и ги дава двата леба на невестата. Потоа и дава и две машки деца и едно женско кои што невестата ги дарува со кошулчиња и чорапи, а на девојчето му подарува фустанче. После ова дарување на невестата и даваат јаболко за да го фрли преку куќа. Ако го префли јаболкото значело дека ќе биде способна да ги сработува сите работи во куќата. Потоа свекорот става бела марама на главата, врз неа леб а врз лебот чаша црвено вино. Со овие работи на главата свекорот врти три круга околу младоженците и откако ќе го сврти последниот круг ја фрла чашата со вино да се скрши во дворот. Кога ќе завршат овие обреди, кои што се проследени со свадбарски маршеви прекрасно отсвирени од чалгиите, на килимчето застануваат свирачите кои што сега почнуваат да пеат песни. Во овој момент кумот, старосватот и свекорот ги даруваат свирачите со пари како награда за добро отсвирените ора и песни и за тоа што ги имаат исполнето музичките желби на гореспоменатите. Потоа се свири свекрвиното оро, кој што претставува обреден танц на свекрвата и која што ова оро го игра со бела марама на главата. Кога ќе заврши орото свекрвата ја фаќа невестата за невестилникот и ја носи право до огништето. При влегувањето во куќата се гледало невестата да стапне со десна нога за се' да и' оди на арно. Кога ќе дојдат до огништето, на невестата и' ја удираат главата три пати од катот на огништето, со цел да биде приврзана за куќата. Потоа свекрвата ќе ја однесе невестата, уште така фатена за невестилникот, во една одаја која ќе биде нејзина соба во која ќе живее и ќе ги чува своите работи. Тука невестата останува за да им врзи

бовчи на гостите, кои што после врзувањето бовчи и даваат пари.

## Обреден ручек

Во овој период се привршуваат подготовките околу поставувањето на ручекот. Најчесто за ручек се давало “јанија“, јадење кое што се прави со компири и телешко месо. Пред главното јадење, гостите се служат со супа направена од кокошка и јајца, а за време на ручекот гостите се служат и со салати. Понекогаш на свадбите се служел “свадбарски ориз“, кој што се правел од толчено месо помешано со ориз. Кај посиромашните свадби како обреден ручек се служел грав. Прв, на кого со посебна чест му се става ручекот, е кумот. Имало случај кога по грешка, прво ручек му дале на некој друг гостин, и кумот се налутил а со тоа и го изгубил расположението во понатамошниот тек на свадбата. Затоа се внимавало кумот прв да биде почестен со ручек. Потоа се служел старосватот, свекорот, свирачите и се така се до последниот гостин. Обредниот ручек започнува со наздравување на свекорот и свекрвата со желба за добро здравје, за бериќетен живот на младоженците па да бидат живи и здрави да дочекаат внуци.

Кога ќе заврши ручекот, чалгиите започнуваат да ги свират првите тактови на ората и песните кои што се играат и пеат до доцна навечер. Во овој период може да се каже дека се играат најубавите ора од кои ќе ги издвојам: “Пајдушкото“, “Елено моме“, а од машките ора “Чамчето“, потпа “Правото оро“ и други.

Вечерта кога сите гости се испратени, кога се е смирено, младите легнуваат заедно во собата во која ќе го поминат целиот живот заедно.

Утредента, во понеделникот, свадбената церемонија продолжува но само со најблиските роднини. Тогаш рано наутро се прави алва, се става во средината на дворот и се игра оро и се пеат песни. Во оваа пригода се пее песната ***“Ѓерданот ми тропна“:***

Ѓерданот ми тропна,
попат си оди. Мадро не си седи,
со јаболко фрли,

по грло ме удри, џанам.
Ѓерданот ми тропна,
на мама и текна

на тате ќе каже, џанам,
тате ќе ме маже
на богато место, џанам,

јазе кај што нејќум
за момче малечко.
Јазе кај што сакам

тате не ме дава
куќа, покуќнина, куќа нерезина
куќа покуќнина, нива нерезина.

Тогаш на алвата пуштаат пари кои што се наменети за акчицата. Свадбарите од кај машката страна во понеделникот прават ѓердани од кромид и пиперки потоа се мачкаат со црвена боја по лицето, да се каже дека девојката бела чесна. Прават капи од весник се со цел да бидат посмешни и атмосферата да биде повесела. Потоа неколку роднини се собираат кои заедно со

деверот, одат во куќата на невестата со блага црвена ракија и алва ирмиклија. Тие овде доаѓаат за да фатат три или пет кокошки, од кои што ќе направат салати и мезиња, за да ги пречекаат и послужат сватовите кога ќе дојдат во новиот дом на невестата. Попладне се носи бакшишот, односно главните подароци на невестата од нејзините роднини. Како свадбени дарови се носеле леѓени, корита, чинии, лажици, вилјушки, чаши и слично. Ако таткото на невестата е побогат тогаш тој и‘ подарува поскапи подароци изработени од бакар како поскапи ипотрајни садови. Оваа вечер е и прикажувањето на даровите кои што ги добила невестата на свадбата.

И со овој обичај, откако ќе си одат гостите завршува свадбената церемонија.

## Првиче

По завршувањето на свадбената церемонија особено внимание се посветувало на девственоста на невестата. Нејзината чесност се обелоденувала на различни начини, но најчесто со честење на блага ракија проследено со истрели од огнено оружје. Исто така овде постоел обичај невестинската кошула со знакот на невиноста, јавно да биде изложен. Дефлорисаните невести по правило ги враќале кај нејзините родители, но тие биле ретки случаи. Во првите денови по свадбата, невестата го облекува домашниот фустан кој што се нарекувал “шлафрок“, излегува со свекрвата во маалото и се запознава со комшиите. Иста така овие денови пред изгревот на нсонцето, некои од постарите роднини за прв пат ја води невестата на вода – на чешма. Овде невестата фрла стари пари како подарок на водата и во садови

донесува дома вода, адеверот и' дава подарок за донесената вода. Потоа излегува и го мети дворот.

Во првиот петок по венчавањето, младоженците го посетуваат домот на родителите на невестата и овој обичај е познат како “првиче“. Овој обичај се оживотворувал поради верувањето дека во првата сабота по венчавањето требало да се спие во туѓа куќа со цел да не бидат затечени од злите духови во домашнат апостела.

Во првиот четврток, после свадбата, кумот ги кани младоженците да дојдат кај него на вечера. Кога доаѓаат кај него тие му бакнуваат рака и невестата го дарува кумот со посебно исткаена за оваа прилика, кошула, потоа му дава блуза, чорапи, платно за панталони и шарветка. Потоа на трпезата се поставува приготвената вечера.

Вториот четврток, после свадбата, младоженците се поканети на вечера од страна на старосватот, каде што невестата го дарува страосватот со истите работи како и кумот. А третиот четврток, младоженците на вечера се поканети од деверот. Исто и овде невестата го дарува деверот со истите работи како кумот и старосватот.

Невестата од поранешниот момински живот почнува да се разликува во посериозното однесување и облекување. Таа веќе не се дружи со другарките како порано, туку повеќе внимание посветува на сработувањето на домашните и земјоделските работи. Таа сега како мажена жена може да се препознае и по начинот на кој што ја обликува косата. Како мома таа косата ја носела пуштена или сплетена во две плетенки, асега веќе со добиениот статус на мажена жена, косата ја плетела во една плетенкасобрана позади на тилот на главата. Вакват афризура е позната како “кокче“.

Младиот брачен пар, покрај извршувањето на домашните и земјоделските работи, веќе почнува да излегува заедно на сред село, на собори, одат во посета кај роднини, пријатели и така го продолжуваат животот во брачната заедница покасно и со дечиња.

## НАРОДНА ТЕРМИНОЛОГИЈА:

**Акчица** - готвачка
**Армагани** - ткаенини за фустан
**Армасување** - веридба
**Атик** - темерlaunch, снаодлив
**Гарнета** - кларинет
**Гувеење** - обредно молчење
**Дувек** - невестински вел
**Ерген** - момче
**Жегол** - дрвена прачка од јарем за впрегнување на добиток
**Ирмик** - гриз
**К'смет** - среќа
**Мома** - девојка
**Невестилник** - венчаница
**Р'жање** - слама од р'ж
**Руба** - чеиз, мираз
**Табиет** - карактер, ќуд
**Ќемане** - виолина
**Чикма** - гостинска
**Шарветка** - шамивче
**Шлафрок** - домашен фустан

## ИНФОРМАТОРИ:

**Викторија Стојанова**, родена 1945 г. с.Војшанци
**Лена Ристова**, родена 1930 г., с.Тремник
**Марионка Јанева**, родена 1930 г., с.Војшанци
**Мара Ташева,** родена 1927 г., с.Долни Дисан
**Надежда Стојанова**, родена 1928 г., с.Криволак
**Цана Атанасова**, родена 1936 г., с.Криволак
**Цвета Трајкова**, родена 1950 г., с.Бистренци
**Цана Стојанова**, родена 1945 г., с.Пепелиште

## БИБЛИОГРАФИЈА:

**1.Константинов,** Милош "Етнологија на Македонците", Скопје, 1992 г.
**2.Линин,** Александар "Тиквешки народни песни",
Скопје, 1978 г.
**3.Радовановиќ,** С. Воислав "Тиквеш и Раец",
Скопје, 2010 г.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

395.2(497.15)"18/19"

ЧЕКОРОВСКА, Драгица
Свадбениот обред во Неготинско во XIX и XX век / [автор на
текстот Драгица Чекоровска ; соработници Марија Ристова, Васка
Ѓорѓиева]. - Неготино : Музеј на град Неготино, 2017. - 37 стр. :
илустр. ; 21 см

Народна терминологија: стр. 37. - Библиографија: стр. 38

ISBN 978-608-65923-2-5

а) Свадбени обичаи - Неготино - 19-20в.
COBISS.MK-ID 102338826